Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08- 238/1
________ година

17-02-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-773/1 од 31.10.2025 година, поднесена од Здружение на граѓани ---------, со седиште на --------- во Скопје, против ---------, со адреса ---------, за извршена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми од страна на --------- кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 31.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на Здружение на граѓани --------- против ---------, за сторена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми.

Според наводите од претставката, лицето --------- на ден 27.9.2025 година на својот профил на социјалната мрежа Facebook ја објавил следната содржина:

„Спиење со непријателот: Во Втората светска војна во Норвешка се родиле помеѓу 8.000 и 12.000 бебиња, вклучувајќи ја и Ани-Фрид Лингстад од АББА. Слични трендови биле охрабрувани во Данска и Холандија.
Освојувачките војници честопати имале многу да понудат, особено оние со повисок ранг кои можеле да обезбедат разни поттици.
Овие околности ги навеле некои жени да им пружат друштво на овие осамени војници, а понекогаш војниците ги искористувале неискусните девојки кои не биле свесни за импликациите од нивните постапки.
За време на француската окупација, се родиле над 200.000 бебиња од германски татковци. Ова не било уникатно за Франција; на пример, на еден од Каналските Острови биле регистрирани 900 такви бебиња.
Иако постојат бројни радосни слики од ослободувањето на Франција во 1944 година, има и вознемирувачки.
Меѓу нив е и прикажувањето на жени обвинети за „хоризонтална соработка“. Една незаборавна слика од Роберт Капа прикажува млада жена со избричена глава како го држи своето бебе, веројатно татко на германски војник, што ги одразува сложените последици од окупацијата.
А кај нас 5 века под турско?!“, по што следела фотографија на која се прикажани жена и црвена банкнота, заедно со описот „Еден И Единствен Дел од Заедничката Историја Со Бугарија“.

Предметната објава имала 247 реакции/допаѓања, 6 коментари и 3 споделувања. Подносителите сметаат дека со горенаведената објава пријавениот --------- извршил

вознемирување врз основа на потекло и национална и етничка припадност, користејќи говор на омраза кон сите бугарски жени и комунистичко југословенска реторика за наводно плаќање на проститутки со објавената слика на неговата објава на социјалната мрежа Facebook споредувајќи со ослободувањето на Франција од 1944 година кога војнциите спиеле со жени кои пак им изродиле деца, наведувајќи дека само тоа е единствената заедничка историја на Р.С. Македонија со Р. Бугарија.
Со наведената објава на социјалната мрежа Facebook тие сметаат дека --------- шири лажни вести, употребувајќи говор на омраза кон македонските бугари, бугарски жени и самата држава Бугарија, без докази, со што поттикнува омраза, раздор и нетрпеливост, како и повикува и поттикнува дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до ---------, заведено под бр. 08-773/2 од 14.11.2025 година. Видно од поштенската повратница, доставата била уредна и --------- го примил Известувањето на ден 28.11.2025 година.

До моментот на носењето на ова Мислење, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не беше доставен одговор на Известувањето за произнесување, па од таа причина при одлучување беа земени предвид единствено наводите изнесени во претставката.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

--------- на ден 27.9.2025 година на својот профил на социјалната мрежа Facebook ја објавил текстуалната содржина цитирана во претставката.

Во оваа насока, според **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)"*.
Вознемирувањето како облик на дискриминација е дефинирано во **член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** како *„несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Во конкретниот случај, --------- објавил текстуална содржина со која изразил став дека единственото заедничко помеѓу македонската и бугарската историја е наводното „плаќање на проститутки" од Бугарија, со што создал непријателска средина кон бугарските граѓани, односно сторил вознемирување врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми кон граѓаните со бугарска етничка припадност.

Согласно член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето --------- да ја избрише спорната објава и јавно да се извини за напишаниот текст со кој е извршено вознемирување врз основа на национална и етничка припадност врз граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност. Јавното извинување треба да го објави на неговата Фејсбук страница во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето --------- во иднина да се воздржи од објавување текстови кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на национална и етничка припадност или било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака во дадениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
---------